Врз основа на член 156, 157, 158, 159, 160, 164-б и 164-в и 164-г од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), Согласност за вработување од Министерството за финансии бр. 18-6501/2 од 13.06.2023 година и Одлука за објавување на јавен оглас 04-1080/1 од 26.07.2023 година од Директорите на клиниката на ден 28.07.2023 година објавуваат

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**

за вработување на 8 (осум лица) медицинска сестра, на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје

1. ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје распишува Јавен оглас за вработување на:

1.1 **8 (осум лица) медицински сестри**

2. Кандидатите треба да ги исполнуваат **општите услови** предвидени со Законот за здравствената заштита:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност.

3. Покрај со закон утврдените општи услови кандидатите треба да ги исполнуваат следните **посебни услови**:

**за кандидатите од точка 1.1**

- завршено средно медицинско училиште (образовен профил медицински сестра), диполома и свидетелства од четирите години завршено ССС
- положен стручен испит
- со или без работно искуство
- познавање на работа со компјутерски програми за канцалариско работење

**Работно време од 40 часа неделно и основна нето плата 25.821,00 денари**.

4. Во прилог на пријавата кандидатите се должни да ги достават следните документи:

- пријава со податоци за контакт
- кратка биографија (CV)
- уверение за државјанство на РСМ, оригинал или фотокопија заверена на нотар
- лекарско уверение, не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар (за засновање на работен однос – Образец 1),
- диплома или уверение со просечен успех, оригинал или фотокопија заверена на нотар
- свидетелстава од четирите години ССС, оригинал или фотокопија заверена на нотар
- уверение дека не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност,не постаро од 6 месеци (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- уверение за положен стручен испит (оргинал или фотокопија заверена на нотар)
- доказ сертификат за познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење

5. Рокот за пријавување на јавниот оглас е 7(седум) дена од денот на објавувањето, а постапката ќе се спроведе согласно Законот за здравствена заштита.

6. Ненавременатата, нецелосната и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидатите.

7. Пријавата со целокупната потребна документација и телефон за контакт, да се достават до ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје, ул.Водњанска бр.17 Скопје, по пошта или во архивата на Универзитетската клиника со назнака за Јавен оглас за вработување.

ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје